Nelt Co d.o.o.
Maršala Tita 206
P. fah 530
11272 Dobanovci
Srbija

t +381 11 3779 100
f +381 11 3779 140
office@nelt.com
www.nelt.com

PIB 100037645
MB 17304712

СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

**Јавни складишта Суботица обележуваат 60 години успешно работење**
**2021 година во знак на јубилејот**

**Суботица, јануари 2021** – Компанијата Јавни складишта Суботица оваа година обележува важен јубилеј - 60 години успешно работење. Искуството, професионализмот, позицијата во непоседна близина на Европската унија, големината и **капацитетот** на складишниот простор, развиената инфраструктура, **имплементираниот HACCP стандард за квалитет**, како и стручноста на работната сила, оваа компанија ја направија сигурен партнер како за деловните соработници **и клиенти**, така и за Управата на царина.

„Веќе 60 години сме синоним за сигурност и ефикасност за сите наши соработници. Иако јубилејот го дочекуваме во изменети услови, нашите деловни планови се многу амбициозни. Во новата година влеговме донирајќи за Домот за деца со пречки во развојот „Колевка“ од Суботица, производи за лична хигиена, храна за деца и месни преработки во вредност од преку 1.150.000 динари. Тоа беше наш начин да покажеме дека сме сигурен партнер и на заедницата во која работиме, но и да покажеме подготвеност заедно со граѓаните на Суботица да градиме подобри услови за живот и работење“, **истакна Жељко Бешлиќ, директор на компанијата Јавни складишта Суботица**.

Логистичката компанија ДОО „Јавни складишта“ веќе шест децении претставува лидер во обезбедувањето на шпедитерски, складишни и други логистички услуги на подрачјето на Суботица и околината. Покрај тоа, сопственик е на просторот на кој се наоѓа и carински терминал на кој е лоцирана и функционира една од најефикасните царински подружници во Србија „Ц.И. Јавни складишта Суботица„. Компанијата негува одлична деловна соработка со сите субјекти кои влијаат на успешното работење во врска со увозот и извозот на стока, особено со фито-санитарен, инспекциски и надзорни служби во стриктна примена и спроведување на законските прописи.

Од 2008 година, компанијата од Суботица е дел од Nelt Група, еден од најголемите и најуспешни домашни деловни системи кој работи на 11 пазари во Југоисточна Евопа и Африка и вработува речиси 4.000 луѓе.

Nelt Група има повеќе од 80 принципали и преку 100 логистички клиенти. Членки на Nelt Група се: Nelt Co, Nelt БиХ, Neregelia, Nelt ST, Montenomaks C&L, Јавни складишта Суботица, Nelt Ангола, Nelt Замбија, Nelt Мозамбик, All Balkans Corporation и Nelt KS. Членки на поширокиот холдинг се и Neoplanta, Baby Food Factory, Banim реклами и Ченеј Аграр.  Во 15 компании на 11 пазари во Југоисточна Евопа и Африка и вработени се 4.000 луѓе.

---

За дополнителни информации, Ве молиме контактирајте ја овластената агенција за односи со јавност, Represent Communications.
Лице за контакт: Дијана Давидовиќ 063/385 403 dijana.davidovic@represent.rs